# Извештај за работа на Македонското еколошко друштво за 2012 година

Годишно собрание
12.03.2013 година, Скопје

МЕД МЕS

# Работа на Претседателството и Собранието

- Одржани се 2 редовни состаноци на Претседателството и едно Годишно собрание на Друштвото

  - главните одлуки се однесуваат на подобрување на функционирањето на МЕД и организација на Четвртиот конгрес на екологзите на Македонија

- Организирана е средба на членовите на МЕД во Пехчево

# Организирање научни и стручни собири

- IV Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество (октомври 2012, Охрид)
- Шеста Конференција за Европски зелен појас (јуни 2012, Маврово)

# Подигнување на јавната свест и еколошка едукација

- Подигнување на јавната свест на локално, национално и интернационално ниво, преку континуирано огласување во медиуми
- Токсиколошки семинар „Ветеринари против отровите: тренинг семинар за токсиколошки и патолошки анализи на веројатно затруени животни" (Мршојадци)
- Работилница: Јадрански прелетни коридори (во соработка со ЕуроНатур)
- Програма за мали грантови за Шар Планина (Промоција на природните вредности на Шар Планина)
- Програма за мали грантови за Илинска и Плакенска Планина (Програма за закрепнување на балканскиот рис 2)
- Работилница: Улогата на фармерите и шумарите во заштитата на балканскиот рис во идните заштитени подрачја (Програма за закрепнување на балканскиот рис 2)
- Промовирање на идејата за ЗП и БР на Осогово на јавни настани и работилници

# Подигнување на јавната свест и еколошка едукација

- Работилници за промовирање на ЗРПа и подигање на јавната свест за значењето на растенијата и потребата од нивна заштита
- Завршна работилница на партнерите од проектот „Поврзување на луѓето и природата-вмрежување на значајните растителни подрачја (IPAnet)"
- Работилница за квалитативно истражување („Улогата на природните ресурси во одржливото рурално живеење во Западен Балкан. Распределба и состојба на недостатоците и придобивките")
- Едукативни предавања во Зоолошка градина за крупните месојадни животни во РМ, наменети за деца на различна возраст и други посетители
- Целни предавања во основни училишта во источна и западна Македонија (Проценка на заканите за птици во две ЗПП во Македонија, Програма за закрепнување на балканскиот рис 2)
- Целни предавања во градинка „Мајски цвет" од Скопје (Програма за закрепнување на балканскиот рис 2)
- Натпревар и изложба на детски ликовни творби на тема: Шумите чувари на природата!

# Медиумска промоција

- Промоција и проекција на документарни филмови
  - „Во срцето на Балканот - барајќи го рисот“ и
  - „Во срцето на Балканот - пеликаните од Преспа Парк“
- Одбележување на 40 години од постоењето на Македонското еколошко друштво и развој на еколошката наука во Македонија
- Континуирано огласување во јавни и печатени медиуми
- Ажурирање на веб страната на МЕД

# Јакнење на капацитети

- Обука на членови на МЕД во Англија и Холандија за воведување во техниките за управување со волонтерските групи
- Работилница / обука за квалитативно истражување спроведена во Скопје („Улогата на природните ресурси во одржливото рурално живеење во Западен Балкан. Распределба и состојба на недостатоците и придобивките“)
- Јакнење на капацитети на членови на МЕД - проценка на статусот на балканскиот рис организиран од страна на IUCN Белград

# Вмрежување

- CEE WEB
- Planta  Europa
- BirdLife
- Европски зелен појас
- Формирана работна група за подобрување на учеството на јавноста во носење одлуки и креирање политики од областа на животната средина

(Учество во кампањата на невладини организации за спречување на изградбата на хидроцентрали во Националниот парк „Маврово“)

- Редовни состаноци со партнерите и засегнати страни

- **Подготовка на апликации за членство**  (CIC и IUCN)
- Формирање мрежа на НВО-и за заштита на Преспа

# Издавачка дејност (надвор од проектите)

- Публикувани се четири изданија од Информаторот на МЕД (15, 16, 17 и 18)
- Монографија на МЕД по повод 40-годишниот јубилеј од постоењето на Друштвото
- Промотивни материјали за IV Конгрес на еколозите на Македонија (постер, банер, програма за работа, книга на апстракти)
- Отпечатен првиот број од списанието „Macedonian Journal of Ecology and Environment“

# Издавачка дејност (во рамките на проектите)

- „Студија за валоризација со предлог заштитен предел Осоговски Планини”
- Граничници за книги
- Постер, распоред/инфо-картица, листи за пријавување на птици, боенка, оригами, мартинки, капчиња со лого (Пролетта доаѓа!)
- Шар Планина – прирачник за планински цвеќиња
- Роковник – со тема ЗРП (општо) и опширно за ЗРП Пелистер
- Два летока за рисот наменети за возрасни и деца
- Прирачник за распознавање траги од животни (македонски и албански јазик)
- Календар со детски цртежи за 2013 година
- Постер за Илинска и Плакенска Планина
- Лифлет/мапа - Птиците во Овче Поле
- Постери за предавања – Птиците во Овче Поле: степска ветрушка, царски орел и египетски мршојадец – нивно распространување
- „Заштита на птиците преку законодавството на Македонија и ЕУ“ – Анализа на Директивата
- Маици, престилки и текстилни торби со лого/порака поврзана со природните ресурси и одржливото рурално живеење во Западен Балкан

# Проектни активности во 2012 година

Поднесени се 12 предлог-проекти

- Одобрени/Започнати 5
- Во фаза на евалуација 3
- Одбиени 4

# Програма за закрепнување на балканскиот рис 2

- Спроведена е Програмата за мали грантови, одобрени се 7 проекти во регионот на планините Илинска и Плакенска
- Остварена соработка и потпишан Меморандум за соработка со ЈПУЗПП „Јасен“, ДЛ „Душегубица“ во сопственост на ЈП Македонски Шуми и ЛД „Црн Камен“ од Вевчани
- Спроведени се целни предавања во основни и средни училишта во западна Македонија, и една градинка од Скопје
- Реализирани се бројни состаноци со партнери, клучни страни
- Реализирана е работилница со шумари и сточари
- Изработен е промотивен материјал (прирачник и летоци)
- Подигање на јавната свест на локално, национално и интернационално ниво преку медиуми



# „Статус, екологија и територијалност на критички загрозениот балкански рис *Lynx lynx martinoi* во Македонија и Албанија“

- Спроведена е сесија на кафез - замки
- Заловен рисот Ристе
- Заловен рисот Мартин
- Спроведена е сесија на фото - замки







# Промоција на природните вредности на Шар Планина преку едукација за животната средина и инволвирање на засегнатите страни

- Спроведена е Програма за мали грантови за Шар Планина (од пристигнати 47 апликации од вкупно 6 општини од Тетовско-Гостиварскиот регион, одобрени и финансирани се 20 проекти)
- Реализирани се состаноци со партнери (фондацијата ДБУ и Еуронатур од Германија)
- Спроведен е ликовен натпревар на тема: природата на Шар Планина, во неколку основни училишта од шестте целни општини со вклучување на околу 1000 деца. 36 слики беа издовени за да се направат 3 различни календари за 2013 година.






# Осоговските Планини во Балканскиот зелен појас

- Бројни состаноци со партнери (градоначалниците од регионот и претставници од општините; редовно консултирање со МЖСПП, високи претставници – државен секретар и заменик министер за животна средина; невладиниот сектор од регионот; бизнис секторот од регионот; претставници од УНЕСКО; финансиерите на проектот)
- Дефиниран е модел за управување во идното ЗП Осогово
- Промовирана е идејата за ЗП и БР на Осогово преку учество во бројни  јавни настани и работилници
- Потпишан е Меморандум за соработка меѓу општините од регионот при воспоставувањето заштитено подрачје на Осоговските Планини
- Финализирана е брошурата за Категорија V – Заштитен предел
- МЕД се вклучи во националниот МАБ Комитет
- Дефинирана е прелиминарна листа на целни видови за Осогово
- Изработена е и промовирана „Студијата за валоризација со предлог заштитен предел Осоговски Планини”
- Континуирана медиумска покриеност




FRANKFURT ZOOLOGICAL SOCIETY

pro natura

BULGARIAN BIODIVERSITY FOUNDATION

# Улогата на природните ресурси во одржливото рурално живеење во Западен Балкан. Распределба и состојба на недостатоците и придобивките

- Финализирање на собраните податоци од квантитативното истражување спроведено во селата од мавровскиот и шарпланинскиот планински регион, преку внесување на истите во соодветна програма која ќе овзможи полесна анализа и споредба на прашалниците од сите земји вклучени во проектот (Косово, Албанија, Македонија и Хрватска)
- Изработена е база податоци со демографски и други податоци за селата
- Спроведена е работилница за квалитативно истражување (in depth interviews)
- Спроведено е квалитативно истражување (реализрани се само 8 од планираните 15 квалитативни интервјуа за Македонија, и тоа во селата од регионот Маврово и Шар Планина)
- Организиран и реализиран е состанок на партнерите на проектот
- отени се промотивни материјали (маици, престилки и текстилни )







NINA
Norwegian Institute for Nature Research

# Проценка на заканите за птици во две значајни подрачја за птици – Овче Поле и Преод-Ѓуѓанце

- Спроведен е мониторинг на гнездечки популации на царски орел и степска ветрушка
- Спроведена е мониторинг методологија за проценка на влијание на електрокуција и идни ветерници врз птиците
- Поставени се 70 куќички за гнездење за степска ветрушка
- Поставени се 20 платформи за гнездење за царски орли
- Спроведена е анкета со локално население
- Спроведени се предавања во основни училишта и соработка со НВО „ДРЕН“ од Шумарски Факултет
- Изработка на информативни материјали (летоци и постер)
- Реализирано е картирање на податоците
- Инцидент со застрелани степски ветрушки (спроведена е кривична постапка против непознат сторител)
- Постојана медиумска покриеност



Conservation Leadership Programme

# Поврзување на луѓето и природата – вмрежување на Значајните растителни подрачја (IPAnet)

- Идентификација на организации/поединци од избраните три Значајни растителни подрачја
- Учество на 10-дневна обука во Англија и Холандија, за воведување кон техниките за управување со волонтерските групи
- Реализација на 9 настани/трибини поврзани со промовирање на ЗРПа и подигање на јавната свест за значењето на растенијата и потребата од нивна заштита
- Истражување во врска со постигнатиот ефект од вклучувањето на волонтерите во оваа активност (прашалници)
- Учество на завршна работилница за презентирање на резултатите од страна на петте земји – формирана е визијата за можно идно продолжување на проектот
- Изработка и публикување промотивни материјали



# МРШОЈАДЦИ 2012






- Мониторинг на гнездечката популација египетските мршојадци
- Утврдување на бројноста на паровите египетски мршојадци
- Присуство и активно учество во токсиколошки семинар „Ветеринари против отровите: тренинг семинар за токсиколошки и патолошки анализи на веројатно затруени животни“

# ЈАДРАНСКИ ПРЕЛЕТНИ КОРИДОРИ

- Подобрена заштита во областите забранети за лов и приоритетни локации долж јадранските прелетни коридори
  1. Мониторинг на птиците (гнездечки и миграторни)
     - Истражувања на гнездечките видови птици
     - Мониторинг на миграторни видови птици
     - Презимувачки видови птици
  2. Засилена заштита на приоритетни локации
- Успешна промоција на мрежата на областите забранети за лов (Hunting Ban Areas) по должината на јадранските прелетни коридори





# Зачувување на пределот во Преспанскиот басен

Изработка на пет Акциони планови за зачувување на видови и живеалишта во прекуграничниот Преспански регион:

- фојата,
- трската,
- пештери,
- кафеавата мечка,
- планинскиот чај.






# Балканска регионална еколошка мрежа (BREN)

Во соработка со ECNC, Euronatur, финансиран од МАВА

Цел: Развивање на еколошка мрежа во земјите од Балканскиот регион (Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово, Албанија и Македонија) по примерот на МАК-НЕН

# Други активности

- Balkan Rivers – The Blue Heart of Europe (во соработка со Еуронатур)
- Прекугранчен биосферен резерват Преспа - поддршка на НП Преспа-Албанија (финансиран од KfW)

# Работа на секциите (надвор од проектите)

- ***Биолошка разновидност***
  - Организирано е зимското пребројување на птиците,
  - Спроведена е Кампањата „Пролетта доаѓа!“
  - Одбележани се меѓународните денови на преселните птици,
  - Одбележани се Европските денови за набљудување на птиците
- ***Еколошка едукација***
  - Организиран е натпревар и изложба на детски ликовни творби на тена: Шумите чувари на природата! (IV Конгрес на еколозите на Македонија)

# Предизвици

- Недоволна активност на секциите во работата на МЕД
- Слаба активност на секциите во промовирање и популаризирање на IV Конгрес на еколозите на Македонија
- Слаба финансиска поддршка од бизнис сектор и недоволна ажурност на секциите во прибирање на финансии за реализиција на IV Конгрес на еколозите на Македонија
- Слаб интерес на релевантни министерства за IV Конгрес на еколозите на Македонија